( Образец ПП……)

**До: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ (имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: ***Договор за доделување на финансиски средства за проектот за Санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охридско езеро број 05-2709/1 од 01.04.2024 година.***

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил — [redacted]**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во БИТОЛА, 01.10.2024 година . [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-2709/1
01-04-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit
Бр./Nr. 05-260/1
01-04-2024 год./vit.

Имајќи го во предвид Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 („Службен весник РСМ бр.283/23) година, а со цел реализација на Програмата за колекторски систем Охрид и Струга за 2024 година објавена во („Службен весник РСМ бр.13/24 од 22.01.2024) Договорните страни

1. Министерство за животна средина и просторно планирање преставувано од Министерот Каја Шукова (во понатамошниот текст Министерство) и

2. Јавно Претпријатие Колекторски систем - Скопје преставувано од директорот в.д. директор Владимир Алексијоски (во понатамошниот текст Корисникот) склучија

# ДОГОВОР

за доделување на на финансиски средства за проектот за Санација и унапредување на ефиканоста на колекторскиот систем Охридско езеро

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на финасиски средства на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје кои се наменети за „Санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охридско езеро.

**Член 2**

За реализација на овој договор се обезбедени средства во вкупна вредност од 30.000.000,00 денари од раздел 12101 – Министерство за животна средина и просторно планирање, потпрограма 2Е-Колекторски систем Охрид и Струга за 2024 година сметка 637-12, капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

Данокот на додадена вредност е регулиран согласно Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночниот должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник (Сл. Весник на РМ бр.45/14....,160/16 и Службен весник на РСМ. Бр.278/21 и 207/22)

**Член 3**

Министерството превзема финансиска обврска средставата по однос на договорот што корисникот ќе го склучи со најповолен економски оператор согласно спроведена јавна набавка, но не повеќе од износот даден во член 2 од овој Договор.

**Член 4**

Договорните страни се согласни сите дополнителни и непредвидени работи кои ќе произлезат од реализација на проектот да ги финансира Корисникот од свои или да обезбеди дополнителни средства.

**Член 5**

Министерството нема финансиски обврски кон корисникот во случај ако поради недостиг на средства или потреба од дополнителни средства не може целосно да биде реализиран Проектот.

**Член 6**

Договорните страни се согласни Министерството исплатата на сумата од член 2 да ја врши на наменска сметка на Јавното Претпријатие Колекторски Систем – Скопје од која Јавното претпријатие ќе ги исплати на извршителот на работите (економскиот орган) кој ќе биде избран по пат на јавна набавка за реализација на проектот „Санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охридско езеро.

**Член 7**

Министерството ќе овласти лице за да врши мониторинг и контрола за реализација на работите кои се предмет на овој Договор и за тоа писмено ќе го извести Корисникот.

## 2.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 8**

Корисникот има обврска да го реализира целосно проектот од член 1 на овој Договор.

**Член 9**

Корисникот пред започнување на работите да именува лице за контакт кое дава потребни појаснувања за реализација на проектот и за тоа писмено да го извести Министерството

Министерството ќе назначи лице за следење и контрола со цел реализација на работите кои се предмет на овој Договор.

**Член 10**

Корисникот е должен на видно место во документација да истакне дека реализацијата на проектот е овозможена со доделени средства од Министерството

**Член 11**

Корисникот е должен ;

1. Да ја спроведе постапката за избор на најповолен изведувач на работите согласно Законот за јавни набавки, со кој ќе го реализира предметот на овој Договор.
2. Да достави примерок од документацијата од спроведената постапка за избор на најповолен изведувач до министерството
3. Да достави примерок од Договор склучен со најповолниот понудувач

**Член 12**

Рок на реализација на овој Договор е 20.12.2024 година а почнува да тече од денот на потпичување на Договорот

**Член 13**

Договорените страни се согласни исплатата на договорената сума да се изврши во рок од 30 дена по доставена документација за извршени и реализирани активности ( времени ситуации по премер пресметка градежен дневник и градежна книга, извештај од надзорни органи по реално извршена работа за исплата до Министерството и одобрена од овластено лице од страна на министерството, како основ на исплатата.

**Член 14**

Договорените страни се согласни Министерството, исплатата на договорената сума да ја врши на наменската сметка на Јавното Претпријатие која ќе биде отворена за проектот „Санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охридско езеро и за истата да го извести Министерството во рок од 10 дена.

**Член 15**

Јавното претпријатие може да ги користи средствата добиени од Министерството за животна средина и просторно планирање единствено за договорените цели и намена. По спроведената набавка и реализација на Договорот со избраниот понудувач, ЈП колекторски систем е должен доколку има остаток од средства на наменската сметка отворена за овој проект, истите да ги врати во Буџетот на Р.С.Македонија.

## 3.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Измени и дополнувања на овој Договор ќе бидат можни само со писмена согласност на договорените страни (Анекс).

**Член 17**

Корисникот ја сноси целата одговорност за целосната реализација на проектот. Министерството може еднострано да го раскине договорот во случај на ненавремено исполнување на обврските на другата договорена страна и да побара надомест на штета за исплатените средства.

**Член 18**

Сите евентуални настанати спорови околу овој Договор ќе се разгледуваат заеднички помеѓу договорените страни и доколку не се најде соодветно решение преку спогодување, арбитрирањето на ваквите состојби ќе го врши надлежниот суд во Скопје.

Член 19

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 20

Овој договор е составен во пет (5) еднообразни примероци, од кои три (3) за министерството, а два (2) за корисникот.

| ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ |
|---|---|
| **В.Д. Директор** | **Министер** |
| **Владимир Алексијоски** | **Каја Шукова** |

Изработил: Кузман Куновски
Контролирал : Осман Мислими
Согласен: Марјан Крстевски
Одобрил: Државен секретар Nebi Rexhepi

**Член 14**

Договорените страни се согласни Министерството, исплатата на договорената сума да ја врши на наменската сметка на Јавното Претпријатие која ќе биде отворена за проектот „Санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охридско езеро и за истата да го извести Министерството во рок од 10 дена.

**Член 15**

Јавното претпријатие може да ги користи средствата добиени од Министерството за животна средина и просторно планирање единствено за договорените цели и намена. По спроведената набавка и реализација на Договорот со избраниот понудувач, ЈП колекторски систем е должен доколку има остаток од средства на наменската сметка отворена за овој проект, истите да ги врати во Буџетот на Р.С.Македонија.

## 3.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Измени и дополнувања на овој Договор ќе бидат можни само со писмена согласност на договорените страни (Анекс).

**Член 17**

Корисникот ја сноси целата одговорност за целосната реализација на проектот. Министерството може еднострано да го раскине договорот во случај на ненавремено исполнување на обврските на другата договорена страна и да побара надомест на штета за исплатените средства.

**Член 18**

Сите евентуални настанати спорови околу овој Договор ќе се разгледуваат заеднички помеѓу договорените страни и доколку не се најде соодветно решение преку спогодување, арбитрирањето на ваквите состојби ќе го врши надлежниот суд во Скопје.